## Што нашите клиенти кажаа за нас

## Професионализам и отвореност со Dr. Falk Pharma

**Ние веќе повеќе од дваесет години успешно работиме со Ewopharma. Она што првично започна со Salofalk® и Ursofalk® во неколку одбрани земји, сега веќе прерасна во долгогодишна соработка во која ние ѝ довеpивме сè на Ewopharma во поглед на маркетингот, продажбата и регистрацијата на широко портфолио со производи на Dr. Falk низ цела Источна Европа.**

**Големата и добро воспоставена мрежа на Ewopharma во регионот ни овозможи да го прошириме нашиот опсег, преку која сега уживаме големи придобивки од нивната експертиза и познавање на овие пазари, кон кои инаку би било многу тешко да се пристапи. Соработката со Ewopharma, како наш партнер од доверба, секогаш била карактеризирана со професионализам и отвореност.**

**Со сигурност секогаш би ја препорачале Ewopharma на други фармацевтски компании кои бараат начин како да пристапат до централните и источните европски пазари, и секако со нетрпение очекуваме да го продолжиме ова продуктивно партнерство и во иднина**

Ние во Dr. Falk Pharma сме специјализирани за развој и продажба на фармацевтски производи од областа на гастроентерологијата и хепатологијата. Нашите производи Rx се продаваат во 65 земји, во кои многу често соработуваме со локални партнери како Ewopharma.

Секогаш сме многу задоволни од нашата соработка со Ewopharma. Започнувајќи со многу мал асортиман од производи на пазарите во Полска, Република Чешка, Словачка, Бугарија и Романија, со помошта овозможена од Ewopharma, откако го започнавме нашето партнерство во доцните 1990-ти, портфолиото со производи на Dr. Falk постојано се зголемуваше во рамки на централниот и источниот европски пазар.

Овие пазари опфаќаа голем број предизвици за фармацевтските продавачи, вклучувајќи споредбено ниски цени и секако се разбира конкурентски притисок од страна на другите продавачи. Друг предизвик којшто беше клучен за нашата одлука да основаме партнерство со Ewopharma беше значајното намалување на ризикот од пристапување кон овие пазари, бидејќи Ewopharma ни беше поддршка во однос на ризикот за наплата. Ние исто така бевме импресионирани од широкото присуство на Ewopharma кое го имаат изградено во многу земји во рамки на регионот, со притоа широко воспоставена мрежа од медицински претставници. Тие се добро познати на поединечните пазари и во клучните пазарни сегменти кои се покажаа како одлучувачки за пристапување кон регионот на Централна и Источна Европа.

Ние ѝ веруваме на Ewopharma со маркетингот и продажбата на нашите производи на пазарите во Централна и Источна Европа, во кои нивната експертиза и мрежа од доктори и болници вроди со големи придобивки за нас. Освен тоа, Ewopharma ни обезбеди првокласна поддршка во однос на регистрација и овластувањето за нашите производи во рамки на овие пазари. Тие се специјалисти во оваа област и нивното познавање на правните системи и процесите за регистрација се покажа како незаменливо.

Тимот на Ewopharma секогаш покажува висока професионалност во однос на нашата соработка со искусни специјалисти во областите на маркетинг, продажба и право, како во рамки на нивното седиште, така и со локалните специјалисти во индивидуалните пазари. Нашето партнерство пред сѐ се заснова на доверба – ние целосно можеме да се потпреме на нив во поглед на нашето широко портфолио со производи кои се нудат на овие клучни пазари. Друг клучен фактор кој ја одбележува нашата соработка со Ewopharma е нивната отвореност и брза реакција, која навистина е од големо значење во нашата индустрија.

Со многу оптимизам се радуваме на нашата идна соработка со Ewopharma. Тие претставуваат значаен партнер за проширување на нашиот бизнис и со нетрпение очекуваме уште многу години заеднички соработка.